РОДОВА ПЕРСПЕКТИВА НА ПОТРЕБИТЕ, ПОЛИТИКИТЕ И БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП

# АНАЛИЗА 2

# АНАЛИЗА НА ПОСТОЕЧКИТЕ ПРАКТИКИ НА КОРИСТЕЊЕ НА МЕХАНИЗМИ ЗА КОНСУЛТАЦИЈА СО ГРАЃАНИТЕ ВО КРЕИРАЊЕТО НА ЛОКАЛНИТЕ ПОЛИТИКИ ВО ОПШТИНА ПРОБИШТИП

Имплементатор: Организација на жените на општина Свети Николе

Истражувачка за општина Пробиштип: Емина Токовиќ

Година: 2023

Авторка на анализата: Емина Токовиќ

Ко-авторки на анализата: Јасмина Трајчева, Александра Тодевска

**Овој документ е изработен со финансиска поддршка на Европската Унија. Нејзината содржина е единствена одговорност на авторите и во никој случај не ги одразува ставовите на донаторите.**
**Овој проект е поддржан во рамките на проектот „Низ женски леќи: покревање на политики и буџетски иницијативи, следење на спроведувањето на локалните акциски планови за родова еднаквост“ имплементиран од ЦРПМ (Водечки партнер), ЕХО Штип, Рурална коалиција, Лулуди и Новинари за човечки права; кој е финансиран од Европската Унија.**

# СОДРЖИНА

**1.ЛИСТА НА КРАТЕНКИ.......................................................................................1**

**2.ВОВЕД.........................................................................................................2**

**3.МЕТОДОЛОГИЈА.........................................................................................3**

**4.НОРМАТИВНА РАМКА................................................................................4**

**5.АКТУЕЛНИ СОСТОЈБИ, ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ И ТРЕНДОВИ ВО ОПШТИНА ПРОБИШТИП ВО ОДНОС НА КРЕИРАЊЕ ЛОКАЛНИ ПОЛИТИКИ И ПАРТИЦИПАТИВНО ДОНЕСУВАЊЕ ОДЛУКИ...................6**

- **Генерални податоци за општина Пробиштип.....................................6**
- **Општински акти и политики за креирање локални политики и учество во донесување одлуки во општина Пробиштип......................6**
- **Граѓанското учество и учеството на жените во процесите на креирање политики во општина Пробиштип......................................8**

**6.ОПШТИ ЗАКЛУЧОЦИ...................................................................................12**

**7.ПРЕПОРАКИ..................................................................................................13**

# ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

1. РСМ – Република Северна Македонија
2. КЕМ – комисија/комисии за еднакви можности меѓу жените и мажите
3. МТСП – Министерство за труд и социјална политика
4. МОН – Министерство за образование и наука
5. МФ – Министерство за финансии
6. ГО – Граѓанска организација
7. ОБСЕ – Организација за безбедност и соработка на Европа
8. ЗЕЛС – Заедница на единици на локалната самоуправа
9. ЕЛС – единици на локалната самоуправа
10. ЛС – локална самоуправа
11. ЗЕМЖМ – Закон за еднакви можности на жените и мажите
12. ЗФЕЛС – Закон за финансирање на единиците на локалната самоуправа
13. УНДП – Програма за развој на Обединетите нации
14. ЕУ – Европска Унија
15. МЗ – Месна Заедница
16. ПЕМ – Програма за еднакви можности
17. КооЕМ – Координатор/ка за еднакви можности
18. ОЖОСВН – Организација на жените на општина Свети Николе

# ВОВЕД

Законот за еднакви можности на жените и мажите на РСМакедонија, кој содржински соодветствува на меѓународната и европска регулатива за еднакви можности и еднаков третман, ги дефинира еднаквите можности на жените и мажите како „Промовирање на начелото на воведување еднакво учество на жените и мажите во сите области од јавниот и приватниот сектор, еднаков статус и третман во остварувањето на сите права и во развојот на нивните индивидуални потенцијали преку кои тие придонесуваат за општествениот развој, како и еднакви придобивки од резултатите произлезени од тој развој“. Еднаквиот третман пак подразбира отсуство на директна или индиректна дискриминација врз основа на пол или род. Конкретната состојба во државата само ја потврдува потребата од еднакви можности за сите бидејќи во РСМакедонија (РСМ) процентуалното учество на жените и на мажите во вкупното население е речиси подеднакво, 49,80% од населението се жени, а 50,20 % се мажи, што значи дека и вклученоста по дејности, но и политичката и социјалната активност на двата пола би требало да бидат приближно воедначени. Но генерално на ниво на држава, ситуацијата воопшто не е таква. Иако во некои работни сфери балансот постои, сепак, во многу дејности постојат разлики и голем несразмер во распределбата на половите, а од значење е и нерамномерното политичко учество на жените. Поистакната проблематична сфера од локалната родова рамноправност е положбата на жената од руралната средина за која патријархалната матрица и традиционалната поделба на машко-женски улоги, особено во делот домот и семејството сѐ уште се пречка за постигнување поголема социјална вклученост, економска самостојност и поголема застапеност во политичкиот живот.

За да се постигне некаков баланс во еднаквите можности за сите од особена важност е партиципативното креирање на национални и локални политики преку граѓанско учество. Граѓанското учество подразбира активно вклучување на граѓаните и граѓанките во процесите на креирање и донесување јавни одлуки.

Со усвојувањето на Законот за локална самоуправа во 2002 година, Македонија стана децентрализирана држава каде голем број надлежности беа префрлени од централно на локално ниво. Со зголемениот број на надлежности кои потпаѓаат под ингеренциите на локалната самоуправа со што, акцентот се става на потребата од редовна консултација и комуникација со граѓаните/ките на теми и прашања од различен опфат. Локалните власти имаат ингеренции за урбанистичко планирање, заштита на животната средина, локален економски развој, комунални дејности, култура, социјална заштита и заштита на децата, образование, основна здравствена заштита, управување со кризи и противпожарна заштита. Овие одговорности повлекуваат потреба за создавање голем број јавни услуги во корист на граѓаните/ките со што комуникацијата помеѓу граѓаните/ките и општинските власти станува важно и неодложно прашање. За жал и покрај постоењето на овој Закон и формалните начини на консултции, сепак процесот во пракса е многу бавен и речиси да не се применува во пракса.

Оваа анализа дава осврт на тоа колку локалните власти на општина Пробиштип го применуваат процесот на консултации со различни ранливи и маргинализирани групи и заедници со акцент на жените и девојките.

Организација на жените на општина Свети Николе во рамките на проектот „Родова перспектива на потребите, политиките и буџетот на општина Пробиштип“- регрантиран од Центар за истражување и креирање политики - Скопје, преку проектот „Низ женски леќи: покревање на политики и буџетски иницијативи, следење на спроведувањето на локалните акциски планови за родова еднаквост“ финансиран од Европската Унија преку програмата Support to Civil Society Networks and Platforms in the Republic of North Macedonia, подготви анализа за процесите на информирање и консултирање на жените и девојките од општината при креирање локални политики и процесите на донесување одлуки.

# Методологија

Општата цел на ова истражување е да се согледа реалната слика на процесите на креирање и донесување одлуки, како и реалните можности, недостатоци и предизвици на општина Пробиштип при спроведување на истите. При тоа, анализата придонесува кон идентификување на потреби на локалната самоуправа и изнаоѓање на соодветни механизми за подобрување на нивната работа и севкупна функционалност за партиципативно креирање локални политики.

Анализата е направена преку аналитички и компаративен метод на примарни и секундарни податоци. Од методолошките инструменти и постапки употребено е интервју, анализа на содржина на легислатива, на извештаи, на други локални документи и политики, како и јавна дебата итн.

За да се добиат посеопфатни и конкретни наоди, оваа анализа е креирана преку четири (4) различни пристапи на истражување, односно преку две (2) истражувања кои се реализираа преку структуриран прашалник и онлајн и директни интервјуа, едното наменето за жени и девојки од општина Пробиштип, а другото за креаторите и донесувачите на одлуки, тука е анализата на нормативната рамка на национално ниво и општинските акти кои се однесуваат на родовата еднаквос, како и прашалник кој се спроведе на учесници на јавна дебата во општина Пробиштип, преку кои подлабински се продре во состојбата, предизвиците и потребите, т.е. можностите за унапредување на процесите за интегративен пристап при креирање на локалните програми, политики и буџет на општина Пробиштип. Прашалникот се состои од отворени прашања и истиот беше одговорен од 3 лица онлајн и 3 интервјуа со претставници од општина Пробиштип. Прашалникот исто така, беше и дел од јавна дебата на која учествуваа 12 претставници на локални институции и организации. Интервјуираните лица се: координаторката за еднакви можности меѓу мажите и жените, раководител за јавни дејности и лице од одделот за финансиски прашања. При целокупната анализа се користеа и податоци од претходно истражување во рамки на истиот проект, а спореведено преку анкетирање на 181 жена и девојка од општина Пробиштип (вклучително и рурални средини).

Вкупно дадените одговори по прашање варира поради тоа што не на секое прашање е добиен одговор од сите лица вклучени во анализата, меѓутоа преовладуваат одговорени прашања од кои можат да се извлечат конкретни наоди. Во однос на квалитетот на одговорите би можело да се констатира дека интервјуираните лица даваат податливи одговори, иако постојат и значаен број прашања за кои интервјуентите немале доволно информации што, исто така, е индикативно за состојбите на процеси на креирање и донесување локални политики. Иако реалистичкиот пристап е доминантен, сепак, постојат и извесни ограничувања во однос на содржината на дадените одговори затоа што постои генерална тенденција за давање општествено пожелни одговори, а при анализата е земено во предвид и немањето соодветни механизми за партиципативно донесување јавни политики. Беше извршена анализа на содржина на легислатива која базично ја регулира еднаквоста меѓу мажите и жените и нивното подеднакво вклучување во процесите на креирање политики, како што се Уставот, Законот за спречување и заштита од дискриминација, Законот за децентрализација, Закон за локална самоуправа, Законот за еднакви можности на жените и мажите и други. Беа анализирани и статутот на општина Пробиштип, други општински документи како што се општински планови, стратегии, акциски планови, извештаи и записници од седниците на Советот на општина Пробиштип. При анализата беа користени и други релевнатни документи од други општини во РСМ, каде има позитивни примери на функционални механизмите на информирање, консултација и комуникација со граѓаните.

# НОРМАТИВНА РАМКА

Системот во чии рамки се остваруваат правата на мажите и на жените, а поконкретно во кој се спроведуваат партиципативни процеси на креирање и донесување одлуки е содржан во поопшта и поконкретна регулатива која предвидува соодветни решенија. Во тој контекст, овде се издвоени најопштите одредби кои ја регулираат дадената материја, а се однесуваат на еднаквоста, дискриминацијата, како и на системот на локалната самоуправа во чии рамки се регулира партиципативноста и граѓанското учество. Основен акт кој генерално ја регулира партиципативноста, еднаквоста и недискриминацијата во државава, е Уставот на РМ при што истиот предвидува дека (Член 2) „Суверенитетот на државата произлегува од граѓаните и им припаѓа на граѓаните. Тие учествуваат во власта преку директно избрани пратеници, преку референдум и други видови на директно застапување. Генерално, Уставот ја овозможува основната рамка во која граѓаните можат да ги артикулираат нивните права поврзани со слобода на изразување и влијание врз легислативата. Во Уставот, „Граѓаните на РМ се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба“, „Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви“, а „Ограничувањето на слободите и правата не може да биде дискриминаторско по основ на пол, раса, боја на кожа, јазик, вера, национално или социјално потекло, имотна или општествена положба“. Понатаму овие општи уставни одредби се разработени во повеќе конкретни закони. Тука би ги издвоиле:

- **Законот за еднакви можности на жените и мажите (ЗЕМЖМ)** кој го уредува „Воспоставувањето на еднаквите можности и еднаквиот третман на жените и мажите, основните и посебните мерки за воспоставување на еднакви можности на жените и мажите...“ со примена во јавниот (централна и локална власт) и приватниот сектор во областите од јавно значење. Овој закон го регулира еднаквиот третман, но со специфика на полот како основа, а се дефинираат и основни и посебни мерки на дејствување на централната власт, сите субјекти со дејност од општествено значење, вклучувајќи ги единиците на локалната самоуправа. При тоа, МТСП има важни надлежности во однос на ЕМЖМ, а за секоја од властите е предвидено тело, субјект или механизам на дејствување. За ова анализа се релевантни одредбите од Законот кои се однесуваа на ЕЛС. ЕЛС се должни да ги унапредуваат еднаквите можности на жените и на мажите преку преземање општи и посебни мерки и да изработуваат годишен план во кој ќе ги утврдат нив. Понатаму, „ЕЛС се должни во рамките на своите стратешки планови и буџети да го инкорпорираат принципот на еднакви можности на мажите и жените; да ги следат ефектите и влијанието на нивните програми врз мажите и жените и да известуваат во рамките на своите годишни извештаи и да учествуваат во подготвувањето на Националната стратегија за родова еднаквост во делот кој се однесува на ЕЛС. Органите и телата на ЕЛС при донесувањето на развојни планови и други акти и одлуки должни се да ги разгледуваат и да ги земат предвид предложените мерки и активности од страна на КЕМ и координаторот за еднакви можности. Органите на ЕЛС должни се да соработуваат со здруженијата на работодавачите, синдикатот, граѓанските организации и здруженија на граѓани активни на полето на еднаквите можности со цел да обезбедат предлози и мерки за постигнување на целта на Законот. ЕЛС се должни да формираат Комисија за еднакви можности како постојно тело со одлука на Советот при ЕЛС, а нејзиниот состав, надлежности, задачи и обврски се утврдуваат со статутот на ЕЛС. ЕЛС се должни да определат и координатор/ка за еднакви можности, службено лице, вработено во ЕЛС. При тоа, координаторот покрај другите надлежности е клучен и во соработка со граѓанските организации и останатите институции на локално ниво по прашањето на еднаквите можности, во следење на состојбата со еднаквите можности на локално ниво и доставување на предлог-иницијативи за преземање мерки за подобрување на состојбата со еднаквите можности.

- **Закон за локална самоуправа ги уредува:** надлежностите на општината; непосредното учество на граѓаните во одлучувањето; организацијата и работата на органите на општината; општинската администрација; актите на органите; имот - сопственост на општината; надзорот над работата на органите на општината; распуштањето на советот на општината; механизмите на соработка меѓу општините и Владата на Република Македонија; месната самоуправа; заштитата на локалната самоуправа; утврдување на службени јазици во општините и други прашања од значење за локалната самоуправа. Советот ги донесува статутот, буџетот на општината и други политики, ја утврдува висината на сопствените извори на приходи (локалните даноци, надоместоци и такси), усвојува програми за работа и финансиски планови и сл., а градоначалникот ја претставува и ја застапува општината, ја контролира законитоста на прописите на советот, ги објавува прописите на советот во службеното гласило на општината, го обезбедува извршувањето на одлуките на советот, иницира и предлага донесување прописи, годишен буџет и годишна сметка на буџетот на општината, го извршува буџетот, донесува правилник за систематизација на работните места на општинската администрација и др. Советот, за разгледување прашања и предлози од негова надлежност, од својот состав може да формира постојани и повремени комисии чиј состав и начин на избор се уредуваат со статутот. Граѓаните непосредно учествуваат во одлучувањето за прашања од локално значење преку граѓанска иницијатива, собири на граѓаните и референдум, на начин и постапка утврдени со закон. Секој граѓанин има право, поединечно или заедно со другите да доставува претставки и предлози за работата на органите на општината и општинската администрација. При изготвувањето на прописите на општината, советот, односно градоначалникот може претходно да организира јавни трибини, да спроведе анкети или да побара предлози од граѓаните.

- **Закон за финансирање на единиците на локалната самоуправа (ЗФЕЛС)** детално ги регулира изворите на приходи. Така, бидејќи системот на финансирање на ЕЛС е сложен и предвидува приходи од персоналниот данок на доход на лични примања од плати од физички лица со постојано живеалиште и престојувалиште во општината, како и приходот од вкупно наплатениот данок на додадена вредност. Сепак, ЛС на РСМ не се карактеризира со финансиска доволност главно поради вкупниот мал финансиски капацитет на државата и поради недоволно квалитетните сопствени извори на приходи на општините. Поради тоа ЕЛС во РСМ се соочуваат со финансиска зависност од државните органи и ниска задоволеност на локалните потреби во доменот на нивните надлежности. Тоа пак води до недоволни можности за жителите на општината за задоволување на нивните потреби и решавање на нивните проблемите, а во надлежност на општината.

- **Законот за спречување и заштита од дискриминација е закон од поспецифично значење при дефинирањето на еднаквите можности.** Овој закон, забранува „секаква директна и индиректна дискриминација“, вклучувајќи и дискриминација базирана на пол, а во чл. 4 ги наведува и сите тела со јавни овластувања по области кои се задолжени за заштита од дискриминација и обезбедување еднаквост – „сите државни тела, тела на локалната самоуправа, правни лица со јавни овластувања“.

# АКТУЕЛНИ СОСТОЈБИ, ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ И ТРЕНДОВИ ВО ОПШТИНА ПРОБИШТИП ВО ОДНОС НА КРЕИРАЊЕ ЛОКАЛНИ ПОЛИТИКИ И ПАРТИЦИПАТИВНО ДОНЕСУВАЊЕ ОДЛУКИ

- **Генерални податоци за општина Пробиштип**

Општина Пробиштип е значаен индустриски, општествен (образовен и културен) и административен центар. Се наоѓа во североисточниот дел на Република Македонија со вкупно 16.193 жители од кои 51% мажи и 49% жени и територија од 325,6км2, при што со еден дел зафаќа од овчеполието, а со друг дел длабоко навлегува во осоговскиот масив на планини. Злетовска река како најголема река кој поминува низ територијата на општината го формира својот кањон во планинскиот дел и своја котлина во рамничарскиот дел од општината. Пробиштипска општина го зазема средниот и долниот дел од сливот на Злетовска река. На север се граничи со општина Кратово , на запад со општина Свети Николе, на југ со општина Штип, а на исток со општина Кочани. И покрај тоа што претставува ридско планинско подрачје, сепак може да се каже дека има добра сообраќајна инфраструктура и поволни природни врски со соседните и подалечните области. Поради терцијалните вулкански дејности на територијата во општина Пробиштип се создале поголеми рудни богатства. На просторот се наоѓаат наоѓалишта на олово-цинкова руда, од неметали има голема количина на кварцити, а се наоѓа и голема количина на опализиран туф. Просторот располага и со поголеми количини на дацити и андезити, кои не се доволно истражени. Карактеристично е и тоа што постојат наоѓалишта со поголеми количини на битуменизирани шкрилци. Носечки гранки кои го давале и даваат главниот развој, се рударството и акумулаторската индустрија, но после периодот на транзиција покрај овие гранки се развија и голем број на фирми од услужните дејности како транспорт, угостителство, здравство и други услуги, а се развија и ланци во делот на тровијата и производството. Во делот на трудоинтензивните дејности се отворија голем број конфекции, а исто така се развија и фирми за производство на храна, како млеко и млечни производи, пекарска индустрија и сл. Денес Пробиштип има флексибилно стопанство со различна структура на економски чинители по дејности со што пробиштипската економија станува флексибилна и имуна на удари и не е концентрирана само на рударството.

- **Општински акти и политики за креирање локални политики и учество во донесување одлуки во општина Пробиштип**

Партиципативна демократија е систем на политичко организирање кој им дава на граѓаните поголем, поактивен и подиректен пристап за интервенција и влијание во јавните одлуки на различни нивоа. Еден од предизвиците на партиципативната демократија е да се создаде општество составено од активни граѓани, организирано и подготвено да превземе динамична улога во креирањето на соодветни и применливи политики. Учеството во локалното управување и одлучување означува дека жените и мажите не се само физички присутни туку се активни чинители кои ги застапуваат своите интереси и влијаат на промени. Учеството на жените пак, во овие процеси е клучно за постигнување општествени и економски промени. Вклучувањето на граѓаните во процесите на донесување на одлуки е тесно поврзано и со децентрализацијата, која пак бара високо ниво на учество на локалната заедница во овие процеси. Локалните власти, ориентирани кон ефективна комуникација со граѓаните, се во позиција да им служат на граѓаните и да се фокусираат на нивните вистински приоритети и со тоа ефективно да ги користат општинските пари. Поради тоа, комуникацијата помеѓу граѓаните и општинските власти мора да се одвива преку соодветни механизми кои се флексибилни, прилагодени и може да се унапредуваат според потребите на граѓаните. Овој начин дава можност на граѓаните да се вклучат и да влијаат на проблемите што имаат директен ефект врз нивниот секојдневен живот, а за локалните власти претставува можност за зголемување на поддршката за нивните идеи и пронаоѓање на нови, иновативни начини за решавање на проблемите. Како на национално ниво, така и на локално ниво учеството на граѓаните е регулирано со општински акти и политики.

- **Статут на општина Пробиштип** - Според Законот за локална самоуправа, документ со најголема правна моќ во општините е статутот. Статутот ги регулира организацијата и дејствувањето на општинските органи, како и останатите важни аспекти кои се однесуваат на граѓанската вклученост во одлучувањето, како организиција на начинот на информирање на граѓаните, случаите со исклучување на јавноста од седниците на советот, претставки и предлози кои се однесуваат на работата на граѓаните и постапување по нив, начинот на организирање на јавни трибини, спроведување анкети и прибирање предлози од граѓаните. Секоја општина може, во својот статут, да предложи други начини на непосредна граѓанска партиципативност согласно со Уставот и овој Закон. Исто така, законот наложува седниците на советот да бидат јавни и да не се исклучува присуството на јавноста во дебатите за општинскиот буџет, годишните општински финансиски сметки и извештаи и за урбанистичките планови. Во општината можат да се основаат облици на месна самоуправа како урбани заедници (во градовите) и месни заедници (во руралните средини), кои пак граѓаните можат да ги користат за разгледување прашања, заземање ставови и изготвување предлози за прашања од непосредно и секојдневно значење за животот и работата на жителите од тоа подрачје. Исто така можат и да учествуваат во изборот на совет на урбаната, односно месната заедница. Исто така според ч/13 од Статутот, „Органите на општината, како и телата на Советот и јавните служби се должни да ги информираат граѓаните за својата работа и плановите за развој, како и да им овозможуваат пристап до информации на начин уредн во Статутот". Глава V од Статутот (од член 56, 57 и 58) се однесува на информирање на граѓаните односно за што треба да се информираат, преку кои канали и како да користат слободен пристап до информации. Глава VI пак се однесува на облици на непосредното учество на граѓаните во одлучувањето во општината (од член 59 до 82) и опфаќа граѓанска иницијатива, собир на граѓани, реферндум, претставки и предлози, јавни трибини, анкети и предлози. Граѓаните одлучуваат и за работите од непосредно и секојдневно значење од својот живот и работа и преку облици на месната самоуправа кои можат да ги основаат согласно Статутот, а подетално се содржани во дел VII од Статутот (член 95 до 110).

- **Стратегија за еднакви можности на жените и мажите на општина Пробиштип 2020** – 2024 – Оваа стратегија е произлезена како проектна активност и е креирана на партиципативен начин преку работилници со релевантни локални чинители. Мисија на стратегијата: Општина Пробиштип, до 2024 постојано ќе ја унапредува својта работа и ќе делува во правец на целосно воведување на концептот на родова интеграција при креирањето на локалните политики, унапредување на положбата на жените, потикнување на јавната свест- запознавање со законската регулатива од оваа област, зголемување на свеста кај граѓаните за корист од воведувањето на родово сензитивни политики со што ќе се зголеми еднаквоста меѓу жените и мажите во општината. Во рамки на стратегијата се поставени 5 стратешки цели и тоа: Стратешка цел 1: Зајакнати капацитети на Комисијата за еднакви можности на Општина Пробиштип целосно воведен родов пристап во креирањето на локалните политики и буџети; Стратешка цел 2: Мапирани потреби во институциите (користење и ажурирање база на податоци за потребите на општината во делот на родовата застапенсот во образование, детска заштита, здравство, култура, спорт, социјална заштита; Стратешка цел 3: Подобрена економската состојба на сите граѓани, со акцент на оние кои се засегнати со одредени родово сензитивни прашања; Стратешка цел 4: Промовирана/Препознатливост на реализација на активности на Комисијата за еднакви можности, на регионално и национално ниво и реализација на активнсоти за еднакви можности на жените и мажите на општиан Пробиштип и Стратешка цел 5: Коалиција на мрежи, вмрежување за еднакви можности помеѓу жените и мажите во општина Пробиштип и на Комиисите за еднакви можности со соодветни партнери (комисии, невладини организации и бизнис сектор) на локално, регионално и државно ниво
При подготовка на стратегијата, покрај другите слаби страни се издвоени и: недоволна вклученост на членовите и коодинаторот на Комисијата за еднакви можности во обуки за процесите на креирање на политики, недоволна соработка со јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор при креирањето на родово сензитивни политики, немање слух од институциите за реализација на проекти од родова рамноправност, како и немање анализа на потребите и недостаток од знаење за соодветна приоритизација на активностите во оваа област, согласно утврдените потреби и расположивите ресурси, слабо ниво на развиена свест за проблемите за родова еднаквост, недоволно развиена свест за родово сензитивни проблеми кај граѓаните, (пред се на младите, жените и маргинализираните групи) и неспроведување на истражувачка работа за мапирање на реалните проблеми за родова еднаквост во заедницата, но истите не се соодветно рефлектирани во самата стратегија.

Сепак и во самата стратегија во стратешките цели недостига дело за поголема информираност, механизми за консултации и поголемо вклучување на жените и девојките во процесите на креирање политики и донесување одлуки во општина Пробиштип.

- **Двогодишен акциски план на Стратегијата за еднакви можности на жените и мажите на општина Пробиштип 2020 - 2021** – овој акциски план е составен дел и соодветствува со стратешките цели на Стратегијата. Истиот содржи активности кои повеќе се однесуваат на внатрешно јакнење на локалните механизми за родова еднаквост и институциите, како и на изнаоѓање механизми за редовно водење родово разделена статистика, додека делот со активности кон целните групи и подобрување на положбата на жените во заедницата, вклучително и нивното учество во креирање и донесување локални политики целосно е изоставено.

- **Тригодишен акциски план за родова еднаквост на општина Пробиштип за 2022-2024** – за разлика од погоре анализираниот акциски план, кај овој тригодишен акциски план е евидентен напредокот во терминологија, дефинирање на активности во насока конкретно на унапредување на родовата еднаквост и еднаквите можности на различни нивоа и за различни маргинализирани лица и заедници. Активностите се родовосензитивни со афирмативни мерки за унапредување на родовата еднаквост и правата на жените од промоција и едукација за репродуктивно и сексуално здравје, економско јакнење, превенција, родово-базирано и врничко насилство, до спорт, социјална заштита, водење родово-разделена статистика во различни области (институции, корисници) итн. Особено важен, а во контекст на ова истражување, е напредокот во однос на мерки и активности за унапредување на консултативните процеси. Па тука има предвидено: Зголемување на застапеноста на жените во Месните заедници преку форуми во МЗ со 50%учество на жени, како и Континуирано следење на годишните програми и степен на нивна реализација од перспектива на корисници преку, партиципативно креирање на годишни програми, дефинирање на родови индикатори за предложените мерки и креирање на нови програми/ мерки согласно потребите на корисниците (и консултации со истите). Во овој дел недостасуваат механизми и алатки преку кои ќе се спроведат овие процеси.

- **Комисијата за еднакви можности на мажите и жените на општина Пробиштип** - (Согласно член 35 од Статутот на општина Пробиштип-Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/14 и 29/15) –Комисија за еднаквост меѓу половите)постојано ја унапредува својата работа и ќе делува во правец на целосно воведување на концептот на родова интеграција при креирањето на локалните политики, унапредување на положбата на жените и мажите, ќе ја потикнува јавната свест-запознавање со законската регулатива од оваа област, зголемување на свеста кај граѓаните за користа од воведувањето на родово сензитивнитите политики со што ќе се зголеми еднаквоста меѓу мажите и жените. Од спроведените интервјуа и одговорените прашалници, може да се заклучи дека одговорностите кои ги има КЕМ не се на задоволително ниво.

- **Годишна програма за еднакви можности на жените и мажите на општина Пробиштип за 2023 година** – Општина Пробиштип редовно подготвува годишна програма за еднакви можности на жените и мажите, како и извештај за нивната реализација. Исто така, редовно доставува и Годишен извештај на единиците на локалната самоуправа за напредокот на состојбата со еднаквите можности за жените и мажите до Министерство за труд и социјална политика – Сектор за еднакви можности. Годишната програма е во согласност со Стратешкиот план и тригодишниот акциски план, и како и во нив и овде не се содржани никакви активности за вклучување на жените и девојките во процесите на креирање и донесување одлуки, ниту пак за подобрена нивна информираност.

- **Граѓанското учество и учеството на жените во процесите на креирање политики во општина Пробиштип**

Еднаквите можности за сите, имаат големо значење бидејќи обезбедуваат похумани животни услови, каде што секоја индивидуа има простор за остварување на својот потенцијал во приватната, социјалната и јавната сфера, со што се ослободува голема општествена, конструктивна и продуктивна енергија, преку која пак се обезбедува побрз и позитивен развој на заедницата и целото општество. Современиот, демократски концепт на активно граѓанско учество очекува граѓаните/ките будно да ја следат работата на нивните избрани претставници и постојано да се вклучуваат во развивањето на локалните политики.

Граѓанското учество се разбира како секоја активност со која граѓаните активно се вклучуваат во процесот на донесување јавни одлуки и така влијаат врз квалитетот на својот живот и животот на своите сограѓани/ки. Граѓанското учество го добива својот вистински облик и ефект кога граѓаните/ките се здружуваат со цел да се информираат и разговараат за проблемите на својата заедница и како резултат нудат потенцијални решенија за креирањето на политики. При тоа постојат три различни нивоа на соработка помеѓу граѓаните и граѓанките и властите при креирањето јавни политики и тоа:

- **Пристап до информации** – ова е основа на целиот процес на учество и претставува еднонасочно и транспарентно споделување на информации од страна на локалните власти кон граѓаните. При споделување на информациите треба да се користат различни пристапи за да може да стигне информацијата до различни нивоа на граѓани и граѓанки (пр.локални медиуми, службени гласила, објави на официјални документи, официјални интернет-страници итн.).

- **Консултација** – ова е процес на двонасочна комуникација, кој го иницира општината и ги повикува сите жители да дадат свое мислење, повратна информација, забелешка, коментар за одредена локална политика. Консултациите исто така, може и треба да бидат во различна форма: фокус групи, јавни расправи, анкетно изразување, јавни дебати, форуми итн. Консултациите се многу соодветен начин на учество за жените и девојките бидејќи може да бидат направени во сигурна средина, каде ќе присуствуваат и ќе бидат поканети само жени и девојки. За жал овој начин и најретко се применува, бидејќи на општините им е најлесно консултациите да ги извршат преку партиските штабови, месните заедници, спортските друштва и др. каде најголем дел или целосно се претставени од мажи.

- **Активно учество** – претставува повисоко ниво на учество, каде има партнерски однос и заемна доверба меѓу општината и нејзините жители, па седат на иста маса, формираат и учествуваат во работни групи, заеднички креираат политики во согласност со потребите на локалната заедница и прават промени за благосостојба на сите.

Идеалното ниво на креирање политики е кога локалната власт е заинтересирана, ги охрабрува и мотивира своите сограѓани/ки за активно вклучување, а граѓаните/ките имаат развиена политичка култура, ги познаваат процесите/процедурите, правата и се конструктивни во својот пристап.

Во потребите на ова истражување беа направени четири различни алатки кои одблиски ја прикажуваат реалната слика за процесите на информирање и консултации со жените и девојките во креирање на локалните политики, програми и буџети, како и нивото на вклученост на жените и девојките во процесите на донесување на одлуки во општина Пробиштип. Првото е погоре направената анализа на општинските акти и политики за родова рамноправност, а останатите три се: спроведување на структуриран прашалник за креатори и донесувачи на одлуки, реализирање на јавна дебата со претставници на локални институции и граѓански организации и користење на анализа од анкетно истражување за нивото на вклучување во консултативни процеси при креирање локални политики и информираност на жените и девојките во општина Пробиштип кое исто така беше спроведено во рамки на овој проект.

- **Структуриран прашалник за креаторите и донесувачи на одлуки** – Целта на овој прашалник беше да добиеме конкретни одговори од креаторите и донесувачите на одлуки во општина Пробиштип, како ги креираат локалните политики и кои пристапи ги користат за вклучување на жените и девојките во овие процеси на локално ниво. Прашалникот беше доставен до петнаесетина релевантни чинители (советници, општинска администрација – Координаторка за ЕМ, раководители на сектори, одделение за финансии и буџет итн.) и беше одговоре од тројца (КооЕМ и 2 раководители – на одделение за внатрешна ревизија и одделение за јавни дејности).

Според одговорите програмите и буџетот на општина Пробиштип се креираат во согласност со потребите и расположливиот буџет. Прво се креираат програмите врз основа на добиени сознанија за потребите и приоритетите на жителите и се распишува јавен повик за спортски клубови и поединци кои доставуваат предлог програми за наредна година со потребни средства за нивна реализацијапотоа се усвојуваат истите и се креира буџет за одобрените програми, кој потоа се усвојува од Советот. Како алатки и методи преку кои општина Пробиштип ги консултира жените и девојките при креирање на локални политики се: доставување барања, разговори, јавен повик на кој може секој да поднесе план со нивни активности. Всушност општина Пробиштип нема посебни алатки и механизми за консултирање на жените и нема никакви средби со нив. Жените и девојките од општина Пробиштип за разни процеси и настани на локално ниво, од страна на општината, се информираат преку веб страната и локалните медиуми, односно нема посебни алатки кои ги таргетираат и се соодветен пристап за жените и девојките туку се користат овие две алтки за сите жители. Од активности и проекти кои општината ги имплементирала во последните три години, а се однесуваат или ги засегаат девојкитеи жените, анкетираните ги издвојуваат: спортски активнсти кои се содржани во програмите на ЖКК „Про-баскет“ и ОК„Весна Пробиштип, поддршка на Карате клубот каде членуваат и мажи и жени и поддршка на жени кои се натпреваруваат во бодибилдинг, културни настани, празници и манифестации (не е наведено кои). На прашањето врз која основа се бираат и приоритизираат проектите кои ќе бидат аплицирани од страна на општината, одговорите се според потребите и барањата, што всушност не е соодветно соогледдека нема механизам за следење на потребите и проблемите. Потребните ресурси за реализација на проектите се базираат на буџетот на општината и на донации. Од една страна анкетираните сметаат дека позиционираноста на општинската структура, овластувањата и достапните ресурси на општина Пробиштип се функционални и нудат унапредување на еднаквите можности на мажите и жените во општината. Од друга страна, сметаат дека лицата кои ги креираат и усвојуваат локалните политики не се доволно сензитивни за родови прашања и им се потребни почетно ниво на обуки за препознавање на родовата еднаквост и родова сензитивизација. Во однос на соработката со КЕМ, анкетираните како креатори на локалните политики, изјавиле дека е коректна и добра, без детално објаснување што подразбираат под тоа. Навистина е недостаток бидејќи во ова истражување не се вклучи ниту еден член на КЕМ или Советот на општина Пробиштип, за да се добие порелевнатна слика. Од нивните информации и сознанија анкетираните изјавиле дека не се доволно запознаени кои одлуки кои досега се донесени се иницирани од КЕМ, а се запознаени со предлози кои ги доставиле во однос на подобрување на здравствените услуги во општината. КЕМ на општина Пробиштип иако постои од 2005 година, за прв пат, ги разгледувала Програмите за 2023 г. на општина Пробиштип од родов аспект, но до сега не доставила до Совет мислење за родова сензитивност на секоја од локалните програми и политики, што е всушност една од основните работи на КЕМ. Општина Пробиштип нема соодветни механизми за институционално паметење и пренесување на стекнатите искуства, информации и практики на полето на еднаквите можности. Но има пракса на водење родово разделена статистика во различни области и категории. На крај анкетираните сметаат дека за да се подобри општината во однос на воспоставување на редовни канали за комуникација, информирање и консултации со граѓаните, граѓанките и граѓанскиот сектор треба да ја подобри транспарентоста, да ја подобри информираноста, преку медиуми, форуми и користење на други алатки, но и да ги мотивира и охрабри да се вклучат во овие процеси.

- **Анкетно истражување за нивото на вклучување во консултативни процеси при креирање локални политики и информираност на жените и девојките во општина Пробиштип** - Анкетното истражување е спроведено во општина Пробиштип и поголемите рурални средини кои припаѓаат во оваа општина. Анкетата беше спроведена теренски, со директни посети на испитаничките и онлајн во период од 15 јуни до 15 јули 2022 година. Вкупниот број на испитанички опфатени со ова истражување е 181, од кои 150 се опфатени теренски преку директни средби, а 31 испитаничка анкетниот прашалник го одговориле онлајн. Дури 97,2% од испитаничките, одговориле дека до сега никој ги нема контактирано со цел идентификување на нивните потреби и проблеми, а само 5 испитанички или 3% се изјасниле дека некогаш биле контактирани.

Ова е показател дека жените и девојките од општина Пробиштип воопшто не се консултирани при процесите на креирање било какви локални политики. Од петте испитанички кои одговориле потврдно на претходното прашање, се изјасниле дека тие контакти и посети најчесто се во период на изборни кампањи. Ова го потврдува фактот дека локалните политичари излегуваат на терен само во пресрет на нивните изборни кампањи. Повеќе од половина од испитаничките или 61% од нив се изјасниле дека сакаат да бидат контактирани/консултирани со цел идентификување на нивните потреби и унапредување на квалитетот на живот во нивната заедница, а 27% се изјасниле дека сакаат понекогаш да бидат контактирани, наспроти само 12% од испитаничките кои се изјасниле дека не сакаат да бидат консултирани од претставници на општината. Врз основа на одговорите на ова прашање може да се заклучи дека различни целни групи на жени и девојки имаат потреба од различен пристап и алатки при спроведување на консултативните процеси на локално ниво. При тоа, директните консултативни средби и директниот телефонски контакт се издвојуваат како најсоодветни начини за консултации и комуникација за 34% односно 32% од испитаничките, а потоа следат анкетните прашалници кои се најсоодветни за 20% од испитаничките, како и фокус групите и картичките за испитување на потребите во значително помал процент. Само 3% од испитаничките не сакаат воопшто да бидат контактирани, што е навистина значително мал процент на жени кои не сакаат да бидат консултирани, наспроти оние што сакаат но немаат можност за тоа. Невклучувањето на жените во

процесите на донесување одлуки и креирање политики во општина Пробиштип е евидентно и од одговорите на ова прашање. Дури 88% или 162 испитанички, се изјасниле дека никогаш не учествувале во овие процеси и со тоа воопшто не им се познати процедурите и механизмите за нивно активно вклучување во креирањето на локалните политики и програми на општина Пробиштип. Што се однесува на процесот на информирање на девојките и жените од општина Пробиштип, 53% од испитаничките воопшто не се информирани за настани, процеси на донесување одлуки, промени и активности во општината, а само 5% се навремено информирани за се што се случува во нивната локална заедница. Процесот на навремено информирање преку различни алатки за да се дојде до различни целни групи е еден од клучните механизми за да се вклучат повеќе жени и девојки во процесите на креирање локални политики и донесување одлуки во општина Пробиштип. Испитаничките за три (3) најсоодветни начини за нивно информирање се изјасниле дека се: преку писма и соопштенија, преку состанок на месна заедница на кои ќе бидат и тие повикани и преку претставници на политички партии. За овие алатки се изјасниле по 15% од испитаничките, 12% ја избрале официјалната веб страна на општината како најсоодветна, додека за информирање преку локален медиум и преку блиски членови од семејството и пријатели се изјасниле по 11%, а преку мобилна апликација 10% од испитаничките. Одговорите на ова прашање само потврдуваат дека општината треба да воведе и користи повеќе различни алатки за да дојде до различни категории жени и девојки.

- **Јавна дебата** – На 31 јанари 2023 година, во просториите на Домот на културата во Пробиштип се оддржа јавната дебата на тема „Жените се дел од општината, колку нивните потреби се вклучени во локалните политики?". На јавната дебата присуствуваа вкупно 12 учесници од кои 5 од Домот на културата, по 2 претставници од детска градинка и ГО Грит и по еден претставник од основно училиште, општина и црква. За жал и овој пат недостигаше учеството на претставници на Советот на општина Пробиштип, како и претставници на општинсакта администрација кои работат директно на креирање програми, политики и буџет. Оваа дебата повеќе беше во форма на фокус група каде ние поставуваме прашања, а присутните одговараа. Самата дебата, само ги потврди претходните сознанија, дека во општина Пробиштип не постојат никакви консултации за потреби и приоритети на жените и девојките при креирање на локалните политики. Соглед дека учесници беа претставници од институции на локално ниво, истите истакнаа дека се консултирани од страна на општината при креирање на програмите и буџетите за наредната година. Заеднички се согласија дека мора да се мотивираат жените и девојките за излезат од комфорната зона и да се наметнат повеќе во средината, да си ги бараат своите права како рамноправни жители на општината. Претстаниците од ГО Грит, која е младинска организација истакнаа дека кај младите има промена и веќе започнуваат да ги менуваат своите сфаќања, да ги тргнат предрасудите и родовата дискриминација, но за тоа треба да имаат поддршка и од институциите на системот, но и од образовниот процес, а воедно и од своите родители, советниците, општината.

Едукацијата, јакнењето на капацитетите на различни локални чинители, вклучително и жените и девојките, унапредениот сиситем на информирање, практичната работа на заеднички иницијативи во кои што ќе бидат вклучени сите локални чинители се основните чекори кои што треба да се превземат за да има еднакви можности за сите и да живееме во родовосензитивни општество.

## ОПШТИ ЗАКЛУЧОЦИ

Локалната самоуправа е клучна за да има ефективно и ефикасно учеството на жените. Таа е најблиску до граѓаните и граѓанките и има одговорност и обврска за унапредување на родовата еднаквост, затоа и треба директно да го поддржува и охрабрува учеството на жените бидејќи нејзините политики и мерки директно влијаат на условите за живот на сите во заедницата. Општината има суштинска улога во промовирањето на учеството на жените и мажите во процесите на донесување одлуки и треба да обезбеди социјална, економска и политичка правда за сите во заедницата. Процесот на децентрализација за да биде успешен, потребно е висок степен на учество на целокупната локална заедница во овие процеси. Преку воспоставување на ефективна комуникација со мажите и жените, општината ќе биде запознаена со нивните потреби и проблеми и ќе може да делува за да ги задоволи истите. Затоа се **потребни институционални механизми и добри практики** кои треба да се имплементираат континуирано, но и унапредат и подобрат ако има потреба.

Учеството во локалното управување и одлучување означува дека жените и мажите не се само физички присутни туку се **активни чинители кои ги застапуваат своите интереси и влијаат на промени.** Учеството на жените пак, во овие процеси е клучно за постигнување општествени и економски промени. За да можат жените да го изнесат своето мислење и да влијаат на квалитетот на управување и донесување одлуки во нивните заедници, **неопходно е да се работи на различни пристапи за нивно информирање, консултирање и учество.**

Кога станува збор за учеството на жените во локалните процеси на одлучување, секогаш треба да се има предвид комплексноста на родовите односи, различните потреби и приоритети, традиционалното и патријархално воспитување, односите на моќ. Учеството на жените во процесите на донесување одлуки има поголеми предизвици отколку на мажите. Многу често мажите не ги гледаат жените рамни на нив, па жената треба да покаже многу повеќе квалитети и компетенции од мажот за да се вклучи во некои општествени или политички процеси, а тоа многу често и ги демотивира жените да се борат, па се откажуваат и ги препуштаат одлучувачките функции на мажите. **Обезбедување на место на жените во постоечките процеси кои се користат за решавање на важни прашања во заедницата и приоритизирање на потребите на жените** може да се случи единствено ако жените **навремено се информирани** за тоа, но и **ако се охрабрат да си ги искажат своите потреби.** За тоа да се случи, жените треба да одвојат време од своите секојдневни обврски и навики и да учествуваат на средби и состаноци каде атмосферата не е баш пријатна за нив (како што се состаноците на МЗ каде 100% се мажи претседатели и членови на МЗ).

Затоа е потребно **самата општина да воспостави соодветни механизми и алатки преку кои прво навремено ќе ги информира жените и девојките, вклучително и оние од руралните средини,** за различни активности, настани, состаноци кои се случуваат во општината. Општината има алатки за информирање, како што се веб страна и присуство на локална телевизија, но потребно е да направи мапирање за тоа дали овие алатки се доволни и се вистински начин на информирање или се потребни **други алатки на информирање кои се поприфатливи за жените и девојките.** Потоа е потребно на жените **да им се обезбеди сигурен простор каде што ќе можат да ги искажат без страв своите ставови, мислења, проблеми, потреби.** Од друга страна треба да постои **отвореност и од креаторите и донесувачите на одлуки, за да ги земат во обзир искажаните потреби, ставови и мислења и да понудат и донесат соодветни решенија за нив во локалните политики.** Тука е клучна улогата на креаторите и донесувачите на одлуки (во случајов КооЕМ и КЕМ) кои треба **да креираат соодветни канали за комуникација со жените и девојките од општината и почесто да излегуваат на терен и да оддржуваат средби со жените и девојките.** А за целиот процес да биде успешен потребно е **јакнење на капацитетите, знаењата и вештините на релевантните локални чинител т.е.креатори и донесувачи на одлуки** за интегрирање на родовиот концепт во локалните политики и секојдневното работење и нивна родова сензибилизација. А од друга страна потребно е **и јакнење на жените и девојките, нивно едуцирање за правата на жените, родовата еднаквост, нивните обврски, должности и можности како дел од заедницата, како и како да ги застапуваат своите интереси и здружено да делуваат.**

## ПРЕПОРАКИ

Врз основа на оваа анализа може да се извлечат препораки кои во согласност со потребите на жените ќе придонесат кон нивна поголема информираност и вклучување во различни процеси на локално ниво, а за кои е потребно понатамошно застапување пред локалните власти за да може истите од препораки да преминат во пракса.

- Прилагодување на локалните политики (Статутот) за развивање и воведување на различни и соодветни форми на граѓанско учество во пракса и на редовна основа, бидејќи само на таков начин локалните власти ќе ја практикуваат оваа одговорност и ќе се создаде обврска за нивно користење;

- На состаноци на МЗ задолжително да бидат поканети и да учествуваат и жени и девојки;

- Да се разграничат општинските активности од активностите на политичките партии, за да може да учествуваат на овие активности лица со различно политичко убедување или партиски неопределени, а и да нема злоупотреба на општински фондови за партиски цели;

- Да се воведат и применуваат различни алатки и пристапи за информирање на жените и девојките од различни категории;

- Да се воведат и применуваат различни алатки и пристапи за учество на жените и девојките во процесите на креирање и донесување локални политики (од идентификување на проблем, приоритизирање на проблемите и потребите, изнаоѓање соодветни решенија, па до нивна имплементација, набљудување, оценка на успешност и известување/ отчетност);

- Комисијата за еднакви можности на мажите и жените по самото формирање, задолжително да добие обука за стекнување на основни знаења за принципот на родова еднаквост и еднакви можности на мажите и жените, како и за нивните обврски и задолженија;

- Сите советници (донесувачите на одлуки) и општинската администрација (креаторите на локални политики) задолжително да посетуваат обуки за интегрирање на родовиот концепт во локалните политики и институции;

- Комисијата за еднакви можности на мажите и жените задолжително да ги прегледуваат сите локални политики, програми, планови за работа на општината и нејзините претпријатија за да даде мислење за вклученоста на принципот на родова еднаквост во истите;

- Да се спроведе јавна кампања од страна на општината или КЕМ, каде преку различни алатки ќе ги информира жените и девојките за надлежностите на општината, начините на вклучување во креирање на локални политики и следење на работата на општината и инстутуциите во нејзина надлежност;

- Да се поттикнат и охрабрат жените, активно да се вклучат во работата на месните и урбаните заедници, а со тоа и во донесувањето на одлуки на локално ниво;

- Да се промовираат можностите и механизмите за вклучување на девојките и жените во креирање на локални политики и буџети;

- Да се актуелизира работата на месните и урбаните заедници со цел подобро информирање на девојките и жените;

- Локалната самоуправа да воспостави систем за информирање на девојките и жените за прашањата од нивен интерес и сите актуелни процеси и случувања на локално ниво.